**РЕЗИМЕ ЗА ПРОЕКТОТ**

| | |
|---|---|
| Назив на проектот | **„Зајакнување на капацитетите на локалните заедници за справување со дезинформации и родово-базирани дезинформации“** |
| Поддржано од | Програма за развој на Обединетите нации (УНДП) |
| Програма | Проектот е дел од Програмската рамка на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) |
| Улога на ЗНМ | Партнер во проектот |
| Вкупен буџет | МКД 3 ,904,050 |
| Грант од донаторот: | МКД 3 ,904,050 |
| Период на реализација | Октомври 2023 – Мај 2024 |
| Територија | Северна Македонија |
| За проектот | **Резиме** |
| Контекст | Почнувајќи од 2023 година, Канцеларијата на УНДП во Северна Македонија започнува со проект насочен кон зајакнување на капацитетот на локалните заедници за ефективно справување со дезинформациите и родовите дезинформации. Проектот насловен **„Зајакнување на капацитетите на локалните заедници за справување со дезинформации и родово-базирани дезинформации“** има цел да придонесе кон подигање на свеста и јакнење на капацитетите на локалните заедници да бидат поотпорни на лажни и неточни информации, преку веродостојни новинарски производи за разоткривање на пласирани дезинформации и наративи кои се однесуваат на локални прашања од неколку помали градови во земјава, како и зголемување на општествената свест за родово базирани дезинформации. |
| Цел | Изработка на дигитална платформа и изработка на веродостојни новинарски производи за разоткривање на пласирани дезинформации и наративи кои се однесуваат на локални прашања од неколку помали градови во земјава, што треба да придонесе кон подигање на свеста и јакнење на капацитетите на локалните заедници да бидат поотпорни на лажни и неточни информации како и зголемување на општествената свест за родово базирани дезинформации. Дополнително, целта е да се стимулира и промовира етичкото новинарство преку доделување на новинарски награди. |
| Целни групи | Новинари, пошироката јавност |
| Очекувани резултати | • Развиена и оперативна веб платформа<br>• Изработени нови медиумски содржини со фокус на негативните ефекти од дезинформациите и родово-базирани дезинформации од важност за локалните заедници од помалите градови во НМК<br>• Подобрена интеракција на релација новинари – граѓански организации за придонеси за теми од локално значење |
| Носечки активности | Клучните активности на проектот се:<br>• Развој на дигитална платформа<br>• Создавање нови новинарски содржина и поддршка за уредување на финалните продукти<br>• Награди за креативни пристапи и промотивен настан<br>• Придонес при креирање и поддршка за промовирање на упатството за медиумски интегритет |

| | |
|---|---|
| Лого (на донаторот) | Здружение на новинарите на Македонија |